**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 11-870/5**
**Скопје, 27.12.2005 година**

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерство за финансии за 2004 година, на сметката за редовно работење кои се прикажани на страниците од 5 до 7.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на Министерство за финансии за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Никола Поповски – министер на Министерството за финансии на Република Македонија.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните од 1 до 4, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 15.09 до 28.10.05 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:
   - Бранислав Гулев, Помошник главен државен ревизор, овластен државен ревизор,
   - Доста Скендерова, овластен државен ревизор,
   - Билјана Ивановска, виш ревизор,
   - Соња Камбовска, ревизор,

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај е да овозможи ревизорот да го изрази мислењето:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
- дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои преставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Од страна на Министерството за финансии добиени се забелешки на Претходниот извештај, број 02-35345/2 од 21/12/2005 година, и тоа на точките 10.2.2, 10.2.3. и 10.2.4. и истите не се прифатени од страна на ревизијата, а кои се однесуваат на:
    - За исплатени средства за стручна литература, како неекономично трошење на средствата, иако Министерството за финансии е изготвувач на законски и подзаконски акти;
    - За исплатени средства по основ на договори за стручни услуги, спротивно на законските прописи и без конкретно наведување на видот на активноста и
    - За набавка на цврсто и течно гориво, спротивно на одредбите од Законот за јавни набавки.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

**11.1. Неправилности во искажување на билансните позиции**

Со увид во сметководствената евиденција ревизијата констатира дека набавените канцелариски материјали не се евидентираат на залиха спротивно на Законот за сметководство на буџетски корисници. Од извршените интервјуа со вработените ревизијата се информира дека во Министерството е спроведена само материјална евиденција на материјалите бидејќи изработката на апликација за компјутерско водење на материјалните картици е во тек. Со оглед на тоа што залихата на канцелариските материјали не е евидентирана во сметководството на 31.12.2004 година, направен е само физички попис на материјалот во магацинот, така што ревизијата не е во можност да го квантификува износот за кој се потценети позициите Материјали и Останат капитал во Билансот на состојбата на 31.12.2004. Наведеното може да доведе до злоупотреба на неевидентираните материјали.

**Препораки и мерки:**

Министерството за финансии да ги превземе сите активности за финализација на апликацијата за сметководствено евидентирање на материјалите.

## 11.2. Законско и наменско користење на средствата

11.2.1. Исплатени се 480 илјади денари како месечен паушален надомест на членовите на редакцискиот колегиум и авторите на текстовите во Билтенот на Министерство за финансии. Исплатата се извршени врз основа на донесени Решенија од министерот. Истото не е регулирано со акт, а висината на надоместот е субјективна определба на министерот.

Не постои критериум или параметри согласно кој е одредена висината на исплатените надомести.

**Препораки и мерки:**

Министерството за финансии да донесе интерен акт со кој ќе се утврдат критериумите за правото и висината на надоместоците.

11.2.2. За претплата за стручна литература од домашни консалтинг претпријатија исплатени се средства во износ од 525 илјади денари.

Имајќи предвид дека Министерството за финансии е изготвувач на законски и подзаконски акти за финансиско работење, ревизијата констатира дека овие расходи се неоправдани од аспект на економично трошење на средствата.

**Препораки и мерки:**

Да се преиспита економската оправданост на расходите за претплата на овој вид литература.

11.2.3. Извршени се исплати во износ од 1,514 илјади денари по основ на договори за стручни услуги. Изборот на лицата ангажирани по овој основ не се врши согласно законските прописи поради што не може да се обезбеди фер конкуренција и еднаква положба на сите лица кои се занимаваат со вакви услуги. Во сите договори за дело како основ за исплата на средствата се наведува ″вршење на стручни услуги″ без конкретно да се наведе видот на активноста. Поради тоа ревизијата не можеше да утврди дали овие активности се содржани во описот и пописот на работните задачи утврдени со Организацијата и систематизација на работните места.

**Препораки и мерки:**

Доколку е неопходно да се ангажираат лица по овој основ, изборот на истите, Министерството за финансии да го врши согласно законските прописи за да се обезбеди фер конкуренција и еднаква положба на сите лица кои се занимаваат со такви услуги.

11.2.4. Со увид во начинот на примената на постапките за јавни набавки, ревизијата констатира дека набавката на цврсто гориво (дрва) во износ од 92 илјади денари и набавката на течни горива (нафта) во износ од 1,257 илјади денари не се спроведени согласно одредбите од Законот за јавни набавки. Со тоа се доведени во прашање начелата на еднаква положба на понудувачите, фер конкуренција, транспарентност и јавност.


*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311
*Овластен Државен ревизор*
-----------------------------

**Препораки и мерки:**

Министерството за финансии да ги почитува одредбите од Законот за јавни набавки.

12. Според наше мислење, освен во наодите изнесени во точката 11.1, финансиските извештаи на Министерството за финансии за 2004 година вистинито и објективно ја искажуваат финансиската состојба и резултатот од финансиските активности во однос на важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, освен во наодите изнесени во точката 11.2, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи.

14. Преземени се мерки од страна на субјектот за дел од препораките и мерките на ревизорскиот извештај на финансиските извештаи за 2003 година и тоа:

- Пресметката на платите се врши според методологијата утврдена со Законот за државни службеници согласно кој се донесени нови решенија за платите на вработените.
- Од Министерството за труд и социјална политика добиено е повисоко месечно право за плата како резултат на зголемување на процентот на високо стручен кадар;
- Министерството за финансии има преземено активности во однос на наменско и економично трошење на средствата во делот на ставката Стоки и услуги;
- Печатењето на акцизните маркици-бандероли за алкохолни пијалоци и цигари премина во надлежност на Управата за јавни приходи согласно Правилникот за дополнување на Правилникот за спроведување на законот за акцизите;
- Завршен е Делбениот биланс помеѓу Министерството и Управата за јавни приходи, додека спроведувањето на активностите поврзани со Делбениот биланс со поранешниот Завод за платен промет се во завршна фаза;

Не се превземени активности во врска со исплатата на месечни паушали на редакцискиот колегиум и на други лица кои објавуваат текстови во Билтенот на Министерството како и активности во врска со неевидентирањето на залихите на канцелариски и други материјали.

**Скопје, 28/12/2005 година** **Овластен државен ревизор**

**Бранислав Гулев**



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
***Палата Македонија - Скопје***
тел:3211-262, факс:3126-311

## Министерство за финансии - сметка за редовно работење
## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2004

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1 | 305,649 | 346,318 |
| **Вкупно приходи** | | **305,649** | **346,318** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1 | 212,678 | 211,302 |
| Стоки и други услуги | 3.2.2 | 90,962 | 129,994 |
| Тековни трансфери | 3.2.3 | 1,019 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **304,659** | **341,296** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | 3.3.1 | 990 | 4,971 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **990** | **4,971** |
| **Вкупно расходи** | | **305,649** | **346,267** |
| **Остварен вишок на приходи** | | **0** | **51** |



*ул: “Маршал Тито” - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311 -----------------------------

## Министерство за финансии - сметка за редовно работење
## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.1 | 1,068 | 1,293 |
| Побарувања од вработените | 4.1.2 | 18 | 0 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3 | 18,459 | 16,073 |
| **Вкупно тековни средства** | | **19,545** | **17,366** |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1 | 4,140 | 7,495 |
| Материјални средства | 4.2.2 | 103,153 | 135,062 |
| **Вкупно постојани средства** | | **107,293** | **142,557** |
| **Вкупна актива** | | **126,838** | **159,923** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1 | 2,503 | 0 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.2 | 275 | 249 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.3 | 15,681 | 15,824 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.4 | 1,086 | 1,293 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **19,545** | **17,366** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1 | 104,092 | 139,249 |
| Извори на други средства | 4.4.2 | 3,201 | 3,308 |
| **Вкупно извори на средства** | | **107,293** | **142,557** |
| **Вкупна пасива** | | **126,838** | **159,923** |

Образложенијата дадени од страна 8 до 16 се составен дел на финансиските извештаи



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311

*Овластен Државен ревизор*
-----------------------------

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2004 ГОДИНА

во 000 ден

| О П И С | Државен јавен капитал | Вкупно |
|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2004 година** | **142,557** | **142,557** |
| **Зголемување по основ на:** | **8,275** | **8,275** |
| Набавки | 1,265 | **1,265** |
| Превземена опрема од програма за техничка помош | 1,219 | **1,219** |
| Превземена опрема од проект на УСАИД за фискална реформа | 302 | **302** |
| Преотстапени материјални средства од АУК | 5,086 | **5,086** |
| Преотстапени материјални средства од УЈП | 258 | **258** |
| Прекнижување | 145 | **145** |
| **Намалување по основ на:** | **43,539** | **43,539** |
| Отпис на капитални средства | 398 | **398** |
| Преотстапени средства | 14,209 | **14,209** |
| Кусок | 23 | **23** |
| Амортизација за 2004 година | 28,909 | **28,909** |
| **Состојба 31.12.2004 година** | **107,293** | **107,293** |

Образложенијата дадени од страна 8 до 16 се составен дел на финансиските извештаи



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311

*Овластен Државен ревизор*

-----------------------------

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

***Број 1004-134/2***
***Скопје, 25.01.2006 година***

Врз основа на член 27 став 5, 6, 7 и 8 од Законот за државна ревизија („Службен весник на РМ" број 73/2004 година – Пречистен текст) е добиен Приговор по Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2004 година кај Министерството за финансии – Средства од Буџетот на Република Македонија, број 02 – 38584/2-05 од 23/01/2006 година. Главниот државен ревизор го донесе следното

***Р Е Ш Е Н И Е***
***по поднесен приговор на Конечниот извештај***

1. Приговорот на точката 11.2.2. од Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2004 година кај Министерството за финансии – Средства од Буџетот на Република Македонија се прифаќа.

2. Приговорот на точките 11.2.3. и 11.2.4. од Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2004 година кај Министерството за финансии – Средства од Буџетот на Република Македонија не се прифаќаат.

3. Решението по доставениот приговор на Конечниот извештај претставува прилог на Конечниот извештај и интегрално се интерпретира во годишниот извештај.

4. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето.

**О б р а з л о ж е н и е,**

Против Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на Министерството за финансии – Средства од Буџетот на Република Македонија за 2004 година, поднесен е приговор број 02 – 38584/2-05 од 23/01/2006 година.

Образложението за неприфаќање на приговорот е следната:

1. Приговорот на точката 11.2.3. кој се однесува на исплатите во износ од 1.514 илјади денари по основ на договори за стручни услуги не се прифаќа од причина што не се спроведени постапките за избор

пропишани според законските прописи, со што не е обезбедена еднаква положба и фер конкуренција на сите лица кои се занимаваат со овој вид на услуги, при што што во сите договори како основ за исплата на средствата се наведува ист текст, „вршење на стручни услуги“, без конкретно да се наведе видот на активноста. Врз основа на овие документи ревизијата не обезбеди доказ дали овие активности се извршени и дали истите се содржани во описот на работните задачи што се дефинирани во Организацијата и систематизацијата на работните места.

2. Приговорот на точката 11.2.4. кој се однесува на набавката на цврстото и течните горива без спроведување на одредбите од Законот за јавни набавки не се прифаќа од следната причина: согласноста е добиена од државниот советник вработен во Министерството за финансии, во услови кога Бирото за јавни набавки не било формирано. Според согласноста исполнети се условите од член 67 став 1 алинеа 3, според кој може да се спроведе набавка со преговарање. Според наведената алинеа од член 67, јавната набавка може да се спроведе со постапка со преговарање во услови на крајна итност, во случаи кога набавувачот не можел да ги предвиди настаните, како што се елементарни непогоди, епидемии, заразни заболувања или настани предизвикани од виша сила. Со оглед на фактот што набавката на течни и цврсти горива е редовна потреба, истата треба да се предвидува секоја година. Исто така, независно што цените на предметните набавки се утврдени од страна на Владата на Република Македонија, на овој начин како што е извршена набавката, доведени се во прашања начелата на еднаква положба на понудувачите, фер конкуренција и транспарентност.

**Главен државен ревизор**

**д-р Драгољуб Арсовски**



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311